| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање<br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br><br>Почетно пишување<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br>запирка,<br>прашалник,<br>извичник, | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 134 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат - Фф и Хх.<br><br>На таблата се нацртани две табели, а учениците треба да предлагаат зборови кои ги содржат буквите Ф и Х на почеток, средина или на крај на зборот.<br>Буква Х | копирани гатанки за секој ученик<br>постер од голема и мала печатна буква Фф , Хх и голема и мала ракописна буква *Фф, Хх*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви Ф и *Х*<br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо |

resursi.literatura.mk

азбука)

| почеток | средина | крај |
| --- | --- | --- |
| храна<br>херој<br>хокеј | Охрид | воздух<br>дух |

| Буква Ф | | |
| --- | --- | --- |
| почеток | средина | крај |
| фен<br>фока<br>фустан | кофа<br>крофна | |

Учениците се искажуваат во кои зборови полесно можат да ги откријат буквите Ф и Х, а во кои потешко или воопшто не можат да најдат зборови.

**Главен дел – искуствено учење**

Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Фф и голема и мала ракописна букв ***Фф.***

Се анализираат разликите во елементите на буквите.

Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Ф, ф

Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***Ф ,ф*** од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви.

На ист начин се увежбува пишување на буквата Хх ***.***

Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:

Ф- *Филип, Фросина, Франција, Финска, фенер ,филџан, кофа, крофна,фигаро,фустан,фрижидер,фудбал...*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Х- *Христина, Халиме, воздух, дух, хулахоп, харфа, хокеј, Охрид....*<br><br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br><br>Пр. *Филип фантазира дека е славен фудбалер.*<br>*Фросина има нов фустан од Франција.*<br>*Христина врти хулахоп .*<br>*Христо свири на хармоника, а Орхан на харфа.*<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br><br>Хорово се меморираат гатанките за буквите Ф и Х.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br><br>(глас, слог, збор,<br><br>едноставна реченица,<br><br>куса реченица, азбука<br><br>**Почетно пишување**<br><br>(печатни букви, ракописни букви,<br><br>мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник, | Чита букви, зборови,<br><br>слогови и едноставни/ куси реченици во состав на<br><br>разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст | 135 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Наставникот чита текст збор по збор. Учениците внимателно слушаат и доколку воочат збор кој ја содржи буквата Ф или Х плескаат со дланките.<br><br>**Пр.** Филип е фино момче. Тој фантазира.....(Предлог текст од Вежбанка за второ одделение по македонски јазик стр. 61 од Арс Ламина)<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст„ Зима и лето“ од учебник стр.59/60. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот:<br><br>• Зошто Филип повеќе ја сакал зимата?<br><br>• Зошто Хана повеќе го сакала летото?<br><br>• Кога Филип го засакал летото, а Хана зимата??<br><br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на текстот со правилна артикулација и дикција. | учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во<br><br>состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | научен напамет | | Учениците го препишуваат текстот со убав и читлив ракопис.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Додека учениците препишуваат, наставникот индиви-дуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот текст.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање<br><br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br><br>Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник, | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 136 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Учениците се поделени во 4 групи изедначени по бројност. Сите групи се поставени на различни места во училницата и наредени во колона еден зад друг. Започнуваат на даден знак.  Последниот ученик од групата влечи картичка со збор кој само тој го гледа. Го шепоти зборот на ученикот пред себе. Зборот треба точно да се пренесе до првиот ученик. Штом го слушни зборот подига рака дека играта кај нив завршила и го запишува зборот на таблата. Другите членови од групата се искажуваат дали е тој зборот кој го пренесувале( Игра слична како расипан телефон)<br><br>1 група- ЅВОНЧЕ 2 група – ЏЕМПЕР<br><br>3 група – ЅИДАР 4 група - ЏАМИЈА | 4 картички со зборови кои ги содржат буквите Џ и Ѕ<br><br>ЅВОНЧЕ, ЏЕМПЕР, ЅИДАР, ЏАМИЈА<br><br>копирани гатанки за секој ученик<br><br>постер од голема и мала печатна буква Џџ , Ѕѕ и голема и мала ракописна буква *Џџ,Ѕѕ*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви Џ и *Ѕ*<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | | | <br><br><br>Преку играта и стиховите од букварката се откриваат последните букви кои не се обработени- Џ и Ѕ.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Џџ и голема и мала ракописна букв *Џџ*.<br><br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br><br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Џ, џ.<br><br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***Џ, џ*** од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви.<br><br>На ист начин се увежбува пишување на буквата Ѕѕ .<br><br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:<br><br>Џ- *Џемиле, џем, џип, беџ, џуџе, џин, Неџмие, џемпер...* | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | S – *Ѕвонко, ѕунѕурка, ѕидар, ѕвонче, ѕид, ѕирка, ѕвезда*<br><br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br><br>Пр. *Џими носи џамлии во џебот.*<br>*Тетка Џули направи вкусен џем.*<br>*Ѕвонко ѕида ѕид во дворот.*<br>*Ѕвездана виде ѕвезда што паѓа.*<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br><br>Хорово се меморираат гатанките за буквите Ѕ и Џ.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви,<br>мали букви, големи букви, точка,<br>запирка,<br>прашалник, | Чита букви, зборови,<br>слогови и едноставни/ куси реченици во состав на<br>разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст | 137 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>На таблата се напишани зборови во кои недостигаат одредни букви. Учениците ги откриваат зборовите.<br>Од зборовите го откриваат насловот на текстот.<br>_ У ЏИ_А В_ К _ Ќ_ ТА<br>ЏУЏИЊА ВО КУЌАТА<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текстот„ Џуџиња во куќата“ од учебник стр.61 и 62. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот:<br>• Што го изненадило родителот(мајката/таткото) кога се вратил дома?<br>• Како изгледала куќата?<br>• Што си помислил таткото/мајката?<br>• Што го прашал/а Звездан? | учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на<br>прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во<br>состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | научен напамет | | • Каков одговор дал насмеаниот Ѕвездан?<br>• Кој навистина ја исчистил куќата?<br><br>Учениците самостојно пишуваат неколку реченици поврзани со содржината на текстот.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Учениците ги читаат речениците кои ги составиле. Се анализира дали се препишани од текстот или составувале самостојно реченица која е повраня со содржината на текстот.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br><br>(глас, слог, збор,<br><br>едноставна реченица,<br><br>куса реченица, азбука<br><br>**Почетно пишување**<br><br>(печатни букви, ракописни букви,<br><br>мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник, | Ги кажува буквите според редоследот во азбуката.<br><br>Ги препознава буквите и ги поврзува со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br><br>Пишува ракописни букви (мали и големи).<br><br>Пишува зборови и куси реченици со | 138 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Повторување на буквите од азбуката по редослед со помош на постер со печатни и ракописни букви.<br><br>• Колку букви има нашата азбука ?<br>• Која е прва, а која последна буква во азбуката?<br>• Која по ред е буквата Љ?<br>• Која буква е дваесет и прва во азбуката?<br><br>Наставникот со покажување на буква на постерот проверува дали учениците ги знаат сите букви од азбуката.<br><br>**Пр.** Посочува на ракописна Р и бара одреден ученик да каже која е избраната буква.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците се искажуваат колку букви има нашата азбука - кирилица. Повторуваат дека редоследот на буквите во кирилицата се вика азбука. Секоја буква има свое точно одредено место во азбуката. | постер со печатни и ракописни букви<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Го знае редоследот на буквите во азбуката.<br><br>Ги поврзува буквите со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | ракописно писмо | | Ја пишуваат азбуката со печатни и ракописни букви со убав и читлив ракопис.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>На таблата секој ученик запишува еден збор со ракописни букви според насока од наставник.<br><br>**Пр.** Напиши збор кој започнува со големата буква Т.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Пишува печатни и ракописни букви (мали и големи).<br><br>Пишува зборови со ракописно писмо |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви,<br>мали букви, големи букви, точка,<br>запирка,<br>прашалник,<br>извичник, | Ги кажува буквите според редоследот во азбуката.<br>Ги препознава буквите и ги поврзува со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br>Пишува ракописни букви (мали и големи).<br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо | 138 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување на буквите од азбуката по редослед со помош на постер со печатни и ракописни букви.<br>• Колку букви има нашата азбука ?<br>• Која е прва, а која последна буква во азбуката?<br>• Која по ред е буквата Љ?<br>• Која буква е дваесет и прва во азбуката?<br>Наставникот со покажување на буква на постерот проверува дали учениците ги знаат сите букви од азбуката.<br>**Пр.** Посочува на ракописна Р и бара одреден ученик да каже која е избраната буква.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се искажуваат колку букви има нашата азбука - кирилица. Повторуваат дека редоследот на буквите во кирилицата се вика азбука. Секоја буква има свое точно одредено место во азбуката. | постер со печатни и ракописни букви<br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на<br>прашања со целосна реченици<br>Го знае редоследот на буквите во азбуката.<br>Ги поврзува буквите со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br>Пишува печатни и ракописни букви (мали и големи). |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| азбука) | | | Ја пишуваат азбуката со печатни и ракописни букви со убав и читлив ракопис.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>На таблата секој ученик запишува еден збор со ракописни букви според насока од наставник.<br><br>**Пр.** Напиши збор кој започнува со големата буква Т.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Пишува зборови со ракописно писмо |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Наведува некои карактеристик и на драма (дијалог, ликови).<br><br>Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува настани и нивен | 138 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Учениците се искажуваат дали некогаш им помагаат на нивните родители, баба или дедо додека пазарат зеленчук и овошје од пазар.<br><br>• Од каде може да се купи овошје и зеленчук?<br>• Дали сте биле на пазар со вашите родители, баба или дедо?<br>• Што сте купувале?<br><br>Се симулира ситуација како се обраќаат продавачите кон купувачите и обратно по насоки од наставник.<br><br>**Пр.**<br><br>Купувач:Добар ден!<br><br>Продавач : Добар ден! Повелете!<br><br>Купувач:Колку чини килограм јаболка?<br><br>Продавач: Килограм јаболка чинат 30 денари.<br><br>Купувач: Дали може да ми дадете 1 кг јаболка? | Учебник<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Препознава расказ според неговата содржина<br><br>Одредува тема , време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | редослед во прочитан литературен текст. | | Продавач:Секако! Повелете килограм вкусно преспанско јаболко!<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се подготвуваат за внимателно следење на изразно читање на расказ „ На пазар“ учебник стр. 100 од страна на наставник.<br>Се води отворена дискусија за карактеристиките на расказот по следните прашања:<br>• Како се вика расказот?<br>• Со кои ликови се сретнавме во него?<br>• Што ќе купувале од на пазар?<br>• Зошто Симона била возбудена?<br>• Колку килограми јагоди побарала од продавачот?<br>• Зошто бил збунет продавачот?<br>• Како се чуствувала Симона?<br>Се чита расказот по улоги – раскажувач , баба и Симона.<br>Се извлекува и запишува краток план на таблата.<br>Расказ- На пазар<br>1. Тема :<br>2. Место :<br>3. Време :<br>4. Ликови: | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Неколку ученици ја прераскажуваат содржината на расказот по редослед самостојно или низ насочени прашања .<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |



Одделенски наставник Наташа Тодоровска ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола

име на ученик__________________

**РАБОТЕН ЛИСТ- ОД СЛИКА ДО ЗБОР, ОД ЗБОР ДО РЕЧЕНИЦА**

а

б

в

г

д

ѓ

е

ж

з

ѕ

и

ј

к

л

љ

м

Одделенски наставник Наташа Тодоровска ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола

н

њ

о

п

р

с

т

ќ

у

ф

х

ц

ч

џ

ш

1. ____________________________________________

2. ____________________________________________

3. ____________________________________________

Ги кажува буквите според редоследот во азбуката. да делумно не

Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо да делумно не

Мислење на наставникот

____________________________________________

____________________________________________

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации<br><br>Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст | 139 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Два ученика застануваат пред таблата каде е поставена на подот долга лента од хартија со ширина од 10-15 cm.(илиннацртана со креда ).<br><br>Двата ученика застануваат еден спроти друг на почетокот и крајот од патеката која треба да замислат дека е мост над река. Треба да се разминат и да преминат на другиот крај без да паднат во водата.<br><br>Учениците симулираат преминување преку мост и се даваат предлози дали може да поминат двата истовремено.<br><br>• Како може да го решите овој проблем?<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците се искажуваат за приказна во слики „ Два јарци“ од учебник стр. 74 .<br><br>Воочуваат дека јарците се наоѓаат во слична ситуација како нивните соученици.<br><br>Опишуваат што гледаат на секоја слика, а потоа ја читаат<br><br>реченицата која дава објаснување на сликата. | Хартиена долга лента до ширина од 10-15 cm<br><br>креда<br><br>учебник | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува по серија слики со целосни реченици<br><br>Креира нов крај на приказната |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се раскажува целата приказна и учениците извлекуваат заклучок дека инаетот на јарците ги довел во ситуација двата да паднат во потокот.<br><br>Секој ученик избира слика која најмногу му се допадна од приказната и ја раскажува со свои зборови.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Учениците предалагаат идеи како би можела приказната да има друг крај и двата јарци да поминат без да паднат во потокот.<br><br>Се раскажува приказната по слики со новиот крај и прават споредба која верзија од приказната им е подобра и зошто.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно прераскажување, раскажување и опишување<br><br>(расказни реченици,<br><br>прашални реченици,<br><br>потврдни реченици, | Раскажува приказна за настани/<br><br>случки (слушнати или од сопствено искуство), претставувајќ и ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња. | 140 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Учениците гледаат слика со вапцани јајца. Се искажуваат по дадени прашања:<br><br>• За кој празник се вапцуваат јајца?<br>• Кој го празнува овој празник?<br>• Кој ги вапцува јајцата во вашиот дом?<br>• Им помагате ли во постапката на вапцување?<br>• Во каква боја се вапцуваат првите три јајца?<br><br>Учениците се искажуваат за обичајот кој им го прават мајките/бабите со првото вапцано јајце . Додека се уште в постела, им минуваат три пати по лицето зборувајќи: „Црвено бело дебело“ или: „Црвено бело здраво и живо“, што значи да се дебели како јајцето, но и црвени во образите за здравје.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст<br><br>„ Велигден“ од Наум Попески.<br><br>Одговараат на поставени прашања: | Слика од интернет<br><br>со вапцани јајца<br><br><br><br>Примерок од текст „Велигден“ за наставникот | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува за случки од сопствено искуство<br><br>Хронолошки подредува настани со правилна употреба на глаголски времиња. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| одречни реченици,<br><br>директен говор, индиректен говор) | | | • За кој празник го раскажува писателот своето доживување?<br>• Како биле облечени децата за тој празник?<br>• Што носеле во кошничките?<br>• Каде оделе со кошнички со црвени јајца?<br>• Зошто оделе изгорени во косите на училиште?<br>• Зошто носеле црвени јајца на училиште?<br>Учениците се насочуваат усно да раскажуваат за сопствено доживување во врска со празникот Велигден и неговото прославување:<br>- вапцување на јајца<br>- одбележување во домот,<br>- посета кај најблиските,<br>- одење во црква,<br>- купување нова облека и сл.<br>Секој ученик самостојно прави избор за што ќе раскажува и ќе споделува со своите соученици..<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците учествуваат во изведување на заклучок дека сите празници се најубави кога се празнуваат во кругот на семејството опкружени со љубов, почит и внимание. Обичаите за верските празници треба да се негуваат и почитуваат.<br>**Рефлексија** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

## ВЕЛИГДЕН



Велигден, тој раскошен пролетен и празничен ден е незаборавен. Деца со бели плетени кошнички, со цветни гранки од овошките и со црвени јајца ставени на памук во кошничката, за да не се „скершет". Сите бевме облечени во нешто убаво, во ново плетено џемперче, нови гумени опинчиња. А ако пак ти купиле патики, тоа беше радост голема. Да ти е жал да стапнеш со нив на патот.

Со кошничката со црвени јајца, одевме в црква, да ги пее попот. Еден од тие велигденски денови беше исто така интересен и забавен за нас децата, кога кружевме околу црквата и со свеќи си ги горевме косите на главите. Тоа беа убави празнични денови, на училиште сите бевме изгорени во косите.



Одевме и со по две–три црвени јајца во училишните торби, за да „се кершиме", како што велиме во Вевчани. Училишниот двор тие денови беше полн со лушпи од велигденските јајца во разни бои.

Но, бидејќи секој ден не е Велигден, потоа влегувавме во „нормален колосек", зашто полека, но сигурно се ближеше летото, а со него и крајот на учебната година.

**Наум Попески**



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ,<br>бајка,<br>**басна,**<br>драма,<br>песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Одредува тема, време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини. | 141 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на содржината од дадениот линк.<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=JF4h2d8YsNU<br><br>Се поведува дискусија за ликот за кого зборуваше раскажувачот.<br><br>• Кој бил Зоки Поки?<br>• Кој му го дал неговото необично име?<br>• Како се викала неговата другарка?<br>• Кој од вас ги прочита расказите и се запозна со нашиот Зоки Поки?<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело. Се разгледува книгата, илустрациите и накратко наставникот ги запознава со писателката Оливера Николова.<br><br>• За кого се зборува во лектирното дело? | Компјутер<br><br>Звучник<br><br>Книга „ Зоки Поки“ за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема , време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Препознава ликови во расказ и ги опишува нивните особини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Кои ликови ги сретнавте додека ги читавте расказите?<br><br>Преку насочени прашања учениците раскажуваат расказ по свој избор.<br><br>Се прераскажуваат два-три раскази и за секој од нив се запишува една реченица која содржи клучни зборови за постапката или однесувањето на Зоки Поки.<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=lYXZfbsyzpw&t=7s<br><br>Пр. И мечето има грип<br><br>1. Зоки Поки и мечето заедно се лечат од грип.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Учениците се искажуваат што им се допаднало или не им се допаднало кај Зоки Поки во расказите кои се анализираа.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br><br>• Што научивте?<br><br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска** | | | | **ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола** | |
| **Адаптирал: Одделенски наставник:** | | | | | |
| **Предмет: Македонски јазик** | | | | | |
| **Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење** | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Видови литературни текстови**<br><br>**(расказ,**<br>**бајка,**<br>**басна,**<br>**драма,**<br>**песна)**<br><br>**Анализа на литературни текстови**<br><br>**(тема, настан, лик, време, место)** | **Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.**<br><br>**Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината** | **142** | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>**Учениците се искажуваат со еден збор, особина која се однесува на Зоки Поки.**<br><br>**палав, мал, досетлив, добар, лаком, весел, смешен и сл.**<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>**Учениците се насочуваат на внимателно слушање на расказ: „Кога баба се лути“.**<br><br>**https://www.youtube.com/watch?v=MQOSX0f_iAw&t=8s**<br><br>**Низ прашања се искажуваат за неговото однесување**<br>• **Што правел Зоки за да го привлече вниманитето на својата баба?**<br>• **Дали неговите постапки биле добри?**<br>• **Како реагирала бабата на неговите лудории?**<br>• **Зошто се радувал кога бабата се налутила?**<br><br>**Учениците во парови добиваат работен лист со различни раскази и треба да одговорат на прашања поврзани со** | **Компјутер**<br><br>**Звучник**<br><br>**Работен лист за работа во парови**<br><br>**Книга „ Зоки Поки“ за секој ученик** | **Чек листа за следење:**<br><br>**Одговор на прашања со целосна реченици**<br><br>**Препознава ликови во расказ и ги опишува нивните особини**<br><br>**Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **однесувањето на Зоки Поки. Како помош за потсетување на содржината учениците се служат со лектирното дело.**<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>**Слушање на аудио расказ - Откритие**<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=l9s2FIrLM7Q&list=PLxlIbZdZ1PPF_Q_RXMUus4yfwghD-97Pf&index=31<br><br>• **Зошто Лидија го нарекува Зоран?**<br>• **Кое е најголемото откритие?**<br><br>**Извлекување на заклучок за детството како најубавиот дел од животот и дека не го забележуваме моментот колку брзо растеме и се менуваме.**<br><br>**Рефлексија**<br><br>**(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)**<br><br>• **Што правевме денес?**<br>• **Што научивте?**<br>• **Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?** | | |

| | |
|---|---|
| **Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска** | **ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола** |
| **Адаптирал: Одделенски наставник:** | |
| **Предмет: Македонски јазик** | |
| **Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење** | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Усно прераскажување раскажување**<br><br>**и опишување**<br><br>**(расказни реченици,**<br><br>**прашални реченици,**<br><br>**потврдни реченици,**<br><br>**одречни реченици,** | **Пренесува со индиректен говор дијалог составен од две реченици (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни**<br><br>**(– Марија, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да допишам, Марко! / Марко ја замоли Марија да му ја даде книгата.** | **143** | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>**Учениците слушаат краток дијалог кој го чита наставникот. (запишан на табла или хамер)**<br><br>**Мајка: Побрзај Томче , ќе задоцниш на училиште!**<br><br>**Томче: Сакам уште малку да поспијам, мамо!**<br><br>**Учениците одговараат на прашања за слушнатиот дијалог**<br><br>• **За што разговараат мајката и нејзиниот син?**<br>• **Какви реченици користат во разговорот ?**<br><br>**Учениците се насочуваат да ја пренесат реченицата на мајката со индиректен говор(без да се спомне како поим)**<br><br>• **Мајката му рекла на Томче да побрза бидејќи ќе задоцнел на училиште.**<br><br>**На ист начин се пренесува со индиректен говор и реченицата на Томче.**<br><br>• **Томче ѝ рекол на својата мајка дека сакал уште малку да поспие.**<br><br>**Главен дел – искуствено учење** | **хамер**<br><br>**Тетратка**<br><br>**учебник** | **Чек листа за следење:**<br><br>**Одговор на**<br><br>**прашања со целосна реченици**<br><br>**Пренесува со индиректен говор дијалог составен од две реченици (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни**<br><br>**Учество во работа во пар – читање по улоги** |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **директен говор,**<br><br>**индиректен говор)** | **Марија му рече да ја почека да допише.).** | | **Учениците се насочуваат на читање во парови на драмски текст „Волкот и мачката“ стр. 66**<br><br>**Се одредува еден пар кој ќе прочита по еден дијалог од ликовите(еден ученик - мачка, друг ученик – волк)**<br><br>**Прв пар**<br><br>**Мачката: Каде бегаш волчко? Зошто си толку исплашен?**<br><br>**Волкот: Ловци и овчари ме гонат. Не го слушаш ли лаењето на кучињата? Мачко, те молам, скриј ме некаде. Ќе ми ја одерат кожата.**<br><br>**Се даваат насоки како учениците да ги пренесат улогите кои ги читааа со индиректен говор.**<br><br>**Мачката го праша волкот каде бега и зошто е толку исплашен.**<br><br>**Волкот и одговори дека го гонат ловци и овчари....**<br><br>**На ист начин продолжуваат и следни парови ученици.**<br><br>**Се анализираат ликовите од драмскиот текст и поговорката - Што си надорбил – тоа среќај си!**<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>**Учениците се искажуваат кои реченици им беа полесни/потешки да ги пренесат со индиректен говор (прашални, расказни, извични, потврдни , одречни)**<br><br>- **Скриј се во дворот на Васил.(расказна)**<br>- **Што си надробил- тоа срќај си!(извична)**<br>- **Не го слушаш ли лаењето на кучињата?(прашална)** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - **Не, не смеам. (одречна)**<br>- **Лани му го изедов магарето.(потврдна)**<br><br>**Рефлексија**<br><br>**(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)**<br><br>- **Што правевме денес?**<br>- **Што научивте?**<br>- **Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?** | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска** | | | | **ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола** | |
| **Адаптирал: Одделенски наставник:** | | | | | |
| **Предмет: Македонски јазик** | | | | | |
| **Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење** | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Усно прераскажување раскажување<br><br>и опишување<br><br>(расказни реченици,<br><br>прашални реченици,<br><br>потврдни реченици,<br><br>одречни реченици,** | **Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог со две реченици (Чуварот нè праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште два часа. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште два часа, чичко чувар.“).** | **144** | **Воведни активности – активирање на предзнаења<br><br>Читање на драмскиот текст „Волкот и мачката“по улоги и разговор за содржината.<br><br>Секој ученик, улогата која ќе ја прочита треба да ја пренесе во индиректен говор.<br><br>Главен дел – искуствено учење<br><br>Сите ученици извлекуваат реченица од кутија. Прво ја читаат реченицата во себе. Потоа еден по еден ученик гласно ги читаат речениците. Потребно е внимателно да слушаат за да го пронајдат соодветниот пар: реченица запишана во директен говор и реченица пренесена во индиректен говор. Потоа паровите застануваат еден до друг и ги читаат уште еднаш речениците.<br><br>Пр. „Ќе спијам во 15 часот“.<br><br>Маре ми рече дека ќе спиела во 15 часот.<br><br>Учениците добиваат насоки да работат во пар. Наставникот кажува пример како ќе се одвива активноста** | **Учебник<br><br>Кутија<br><br>Ленти со реченици во директен и индиректен говор** | **Чек листа за следење:<br><br>Одговор на<br><br>прашања со целосна реченици<br><br>Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог со две реченици<br><br>Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **директен говор,**<br><br>**индиректен говор)** | | | **Еден ученик треба да состави една-две расказни, прашални или извични реченици, а другиот ученик да ги пренесе во директен говор .**<br><br>**<u>Прв ученик од парот</u>**<br><br>• **Марко ја праша Лина дали сака утре да возат точак заедно.**<br>• **Лина се согласи и му рече на Марко дека околу нејзината зграда имаат убава велосипедска патека.**<br><br>**<u>Втор ученик од парот</u>**<br><br>• **Лина, сакаш утре да возиме точак заедно?**<br>• **Може, Марко, околу мојата зграда имаме убава велосипедска патека.**<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>**Учениците во даден текст треба со сина боја да ги подвлечат рениците што се во директен говор, а со**<br><br>**црвена боја речениците што се во индиректен говор (предлог текст и активност од Вежбанка по македонски јазик за второ одделение – Арс ламина)**<br><br>**Рефлексија**<br><br>**(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)**<br><br>• **Што правевме денес?**<br>• **Што научивте?** | **Печатен текст за индивидуална работа**<br><br>**Црвена и сина боичка** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • **Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br>(тема, настан, лик, време, место) | Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната. | 145 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците следат кратко видео( 1 минута). Прво го следат видеото само со слика, но не и звук. Повторно следење на видеото со звукот на жуборење на реката. Учениците одговараат на прашања:<br>https://www.youtube.com/watch?v=Pz3tsc110Nw<br>• Како го доживеавте видеото со слика, но без звук?<br>• Дали звукот ве поднесе со мислите на планина , на некое излетничко место ?<br>• Знаете ли каде се влеваат потоците по својот тек?<br> | Видеобим<br><br>Компјутер<br><br>Учебник<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br>Одговор на<br>прашања со целосна реченици<br><br>Одредува редослед на на настани во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на текстот |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците внимателно следат изразно читање на текст<br><br>„ Патот кон реката“ со отворен учебник на стр. 90. Воочуваат како наставникот ги чита речениците со соодветна интонација со цел да ја доживеат и разберат полесно содржината.<br><br>Одговараат на прашања:<br><br>• Каде брзало поточето?<br>• Кој прв му се испречил и заканил по патот?<br>• Што направило поточето?<br>• Како бил прифатен од карпата?<br>• Зошто не сакала да го пушти да помине?<br>• Кој го пречекал со радост?<br>• Како се чувствувало поточето?<br><br>Насоки за читање на текстот од учениците по улоги - раскажувач, поточе, стариот даб и карпата.<br><br>Учениците се искажуваат по кој редослед се случуваат настаните во расказот и се запишува план на таблата од три реченици.<br><br>1. Стариод даб се испречи на патот на поточето.<br>2. Карпата не сака поточето да рие во неа.<br>3. Полјанката и поточето се радосни. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>Наставникот кажува реченица ,а учениците треба да погодат од кој дел на расказот е истата.<br><br>**Пр.**<br><br>- Едно поточе во гората бараше пат кон реката.(почеток)<br>- Не знам што треба да правиш, но знам дека не сакам да риеш во мене!(средишен )<br>- Поточето беше задоволно.(крај)<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>- Што правевме денес?<br>- Што научивте?<br>- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk






resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно пишување<br><br>(ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Пишува едноставни и куси текстови по диктирање.<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица | 146 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>Учениците се насочуваат да замислат еден збор – име на предмет, суштество, појава, збор кој означува некоја работа, чувство и сл.<br><br>Учениците ги запишуваат зборовите на мал лист .<br><br>Наставникот ги проверува зборовите на учениците со цел да не се повторуваат некои зборови и ги запознава како нивните зборови ќе бидат употребени во активноста на часот.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците треба да запишат зборови по диктат. Еден по еден ги диктираат зборовите кои ги замислија и ги запишуваат во својата тетратка.<br><br>Задача на секој ученик е да ги искористи овие зборови за да направи 3 реченици во кои ќе употреби различни интерпункциски знаци (прашалник, извичник, точка и запирка). | Мал лист хартија<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува куси зборови по диктирање.<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Пр. Употреба на зборот **млеко** (може да состават три различни реченици во кои ќе го употребат зборот млеко, но може да употребат различни зборови за да напишат расказна, прашална и извична реченица.<br>• Мирјана секое утро пие млеко.<br>• Кој ќе купи млеко?<br>• Леле, млекото е жешко!<br>Учениците ги запишуваат речениците во тетратките со ракописни букви.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Размена на тетратките во парови. Учениците ги читаат речениците на своето другарче и треба да размислат дали правилно составило прашална, расказна или извична реченица и применило соодветен интерпункциски знак.<br>Добиваат насоки како да оценуваат<br>- се согласуваат со напишаното - знак „штикла“ ,<br>- не се сигурни дали е точно - знак „?“.<br>- не е точно напишаното - знак „X“.<br>Учениците се искажуваат како се чуствуваат во улога на оценувачи, како наставник. Ги предаваат тетратките на наставникот за проверка на напишаното и оценувањето на паровите.<br>**Рефлексија** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна) | Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови).<br><br>Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима | 147 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>На таблата се залепени слики од лисица и кокошка.<br><br>Секој ученик добива работен лист за индивидуална работа.<br><br>Учениците кажуваат збор поврзан со овие животни и го запишуваат околу сликата и во работниот лист. Ги опишуваат со помош на зборовите и извлекуваат заклучок за сличностите и разликите помеѓу нив.<br><br>крзно диво домашно пердуви<br><br> животно <br><br>шума живо младо јајца кокошарник | Слики од лисица и кокошка<br><br>Лист со текстот„Кокошка и лисица„ за секој ученик<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава дијалог на ликови во драмски текст<br><br>Опредлува строфа и стих во песна |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците се насочуваат да ги разгледаат двата текста во работниот лист и одговараат на прашања:<br><br>• Што е слично во двата текста? ( насловот)<br>• Како е напишан првиот текст? (како драмски текст со улоги)<br>• Како е напишан вториот текст?(како песна)<br>• Кои интерепункциски знаци ги забележувате во двата текста?<br>• Што ни покажуваат знаците на крајот од речениците?(како правилно да ги изговараме)<br><br>Се чита во парови  драмскиот текст. Учениите воочуваат дека лесно може да одредат која е улогата на лисицата, а која на кокошката. Се потсетуваат на карактеристиките на драмскиот текст.<br><br>Учениците ја анализирааата песната, од колку строфи и стихови е составена.<br><br>• Дали можете лесно да откриете кога  зборува лисицата, а кога кокошката?<br><br>Учениците ја  читаат песната во парови.<br><br>Извлекуваат заклучок дека ако правилно ги читаат двата текста со почитување на интерпункциските знаци ќе добијат интересна кратка драмска изведба .<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок** | | Прави разлика меѓу драмски текст и поетска творба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците избираат самостојно која улога да ја подготват за следниот час-Пр. Лисица и маска за лисица.<br><br>Следат насоки како да ја вежбаат улогата во домашни услови.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk





КОКОШКА И ЛИСИЦА

Лисица : Како си ми, кокошке, пријателке бliska?

Кокошка: Се качувам високо, еве, гледај, Лиске!

Лисица: Пилињата кај ти се, колку ми се мили!

Кокошка: Не грижи се за нив, добро си се скриле!

Лисица: Дали ти се мирни, сакам да ги видам, а ако ги пофатам подлец нека бидам!

Кокошка: „Многу добро, тетко, јас тебе те знам, да ги видиш, Лиске нема да ти дам!

## КОКОШКА И ЛИСИЦА

„Како си ми, кокошке,
пријателке блиска?"
„Се качувам високо,
еве, гледај, Лиске!"

„Пилињата кај ти се,
колку ми се мили!"
„Не грижи се за нив,
Добро си се скриле!"

„Дали ти се мирни,
сакам да ги видам,
а ако ги пофатам
подлец нека бидам!"

„Многу добро, тетко,
јас тебе те знам,
да ги видиш, Лиске
нема да ти дам!"

Јован Јовановиќ-Змај

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска** | | | | **ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола** | |
| **Адаптирал: Одделенски наставник:** | | | | | |
| **Предмет: Македонски јазик** | | | | | |
| **Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење** | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Анализа на литературни текстови**<br><br>**(тема,**<br>**настан,**<br>**лик,**<br>**време,**<br>**место)** | **Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.**<br><br>**Извлекува порака од содржината на едноставна песна.** | **148** | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>**Учениците одговараат на краток квиз „Кој зборува“ во врска со содржината на песната „Кокошка и лисица“. Одговорите ги даваат со движење – ако одговорот е <u>кокошка</u> учениците замавнуваат во место со рацете (како крилја), а доколку е лисица симулираат движење на лисица во место.**<br>**Пр. Кој зборува?**<br>• **Се качувам високо, еве гледај....( кокошка)**<br>• **Пилињата кај ти се, колку ми се мили?(лисица)...**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>**Еден пар ученици ја чита песната или драмскиот текст ,а потоа низ прашања учениците се искажуваат за особините на ликовите.**<br>**Учениците се подготвуваат за драматизација на текстот „Лисица и кокошка“ .**<br>**Секој ученик се подготвува со маска за улога која ќе ја изведува.** | **лист со текстот„Кокошка и лисица„ за секој ученик**<br><br>**маски од хартија**<br>- **лисица**<br>- **кокошка** | **Чек листа за следење:**<br>**Одговор на прашања со целосна реченици**<br><br>**Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини.**<br><br>**Извлекува порака од содржината на едноставна песна.** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Учениците во парови ја изведуваат драматизацијата со правилна интонација и дикција во зависност од видот на речениците.**<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>**Учениците си искажуваат каква порака може да изведеме од песната според особините на ликовите.**<br><br>**Кои карактеристики на луѓето ги забележуваме кај: лисицата - лакомост, итрина, лага и сл**<br><br>**кокошка- досетлива, умна, внимателна и сл.**<br><br>**Рефлексија**<br><br>**(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)**<br><br>• **Што правевме денес?**<br>• **Што научивте?**<br>• **Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска** | | | | **ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола** | |
| **Адаптирал: Одделенски наставник:** | | | | | |
| **Предмет: Македонски јазик** | | | | | |
| **Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење** | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Видови литературни текстови**<br>**(расказ, бајка, басна, драма, песна)** | **Одредува тема на прочитан литературен текст.**<br>**Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст.**<br>**Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината** | **149** | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>**Учениците се искажуваат по дадена слика за однесувањето на девојчето во двете ситуации.**<br>• **Како се однесува девојчето кон дрвото во првата слика?**<br>• **Што мислите зошто го прави тоа?**<br>• **Како се однесува девојчето кон дрвото  на втората слика?**<br>• **Ако е грижи за дрвото, што ќе се случи?**<br>  | **Слики за правилно и неправилно однесување кон природата**<br>**Учебник**<br>**тетратка** | **Чек листа за следење:**<br>**Одговор на прашања со целосна реченици**<br>**Одредува тема, време и место на настаните на прочитан литературен текст.**<br>**Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со** |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br>**Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „Се е наше“ -стр.141/142 од учебникот.**<br>**Одговараат на поставени прашања:**<br>• **Што сакал да направи Тони со расцветаниот јоргован во дворот?**<br>• **Што го советувал татко му кога го видел?**<br>• **Каде отишле по неколку дена?**<br>• **Каква намера имал Тони кога ја видел расцветаната цреша на ридот?**<br>• **Што му објаснил татко му за цветовите на дрвото?**<br>• **Што мислел Тони кога рекол дека дрвото во планината е ничие ?**<br>• **Како го разбирате објаснувањето на таткото дека се е наше?**<br>**Учениците го читаат текстот и се одредува тема, место, време и ликови.**<br>**Се запишува краток план на таблата, а учениците во своите тетратки.**<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | | **ликовите и/или содржината** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Учениците се искажуваат како треба да се грижиме за природата- која е нашиот дом.**<br><br>• **На што треба да внимаваме кога ќе одиме на излет за празникот Први мај?**<br><br>**Рефлексија**<br><br>**(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)**<br><br>• **Што правевме денес?**<br><br>• **Што научивте?**<br><br>• **Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?** | | |



